# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# ОПШТИНА НЕГОТИНО

24.09.2026 | број 15 | Излегува по потреба



**Адреса: ул. „ Ацо Аџи Илов “ бр.2** **тел: 043 361-045**

**e-mail: sovet@negotino.gov.mk** **www.negotino.gov.mk**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ.бр.5/02 и „ Службен весник на РСМ “ бр.202/24) и член 96 став 1 точка 4 од Статутот на општина Неготино („Сл.гласник на општина Неготино“ бр.3/06, 2/11, 9/11, 16/12, 16/14 , 13/20 и 3/22 ), Градоначалникот на општина Неготино донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување Одлука за прифаќање на движни ствари на трајно користење специјализирани возила – метларки за улица**

Се објавува **Одлука за прифаќање на движни ствари на трајно користење специјализирани возила – метларки за улица,** што Советот на Општина Неготино ја усвои на седницата одржана на ден **23.09.2026** година.

**Бр.09- 2162/1**
**24.09.2026 година**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Неготино**
**Марија Нацева с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02 и „Службен весник на РСМ“ број 05/02), Советот на општина Неготино на седницата одржана на ден **24.09.2026** година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за прифаќање на движни ствари на трајно користење специјализирани возила – метларки за улица**

**Член 1**

Со оваа Одлука општина Неготиноги прифаќа движните ствари - **специјализирани возила – метларки за улица**од Владата на Република Северна Македонија со следните карактеристики:

1. **Мобилна машина за метење на улици :**
   - **Марка: Green Machines;**
   - **Тип: 636 ( GM636 Stage V );**
   - **Број на шасија: U19Y608H1TVGMV050;**
   - **Број на мотор: FPL0714;**
   - **Година на производство: 2026 година**
   - **Работна зафатнина на моторот: 1498 cm3**
   - **Сила на моторот :32.5 kw и**
   - **Боја на каросеријата: Зелена/Сива**

2. **Електрична мобилна машина за метење на улици :**
   - **Марка: Green Machines;**
   - **Тип: 400 ze RS;**
   - **Број на шасија: U19Y405M1TVGMV045;**
   - **Број на мотор: 215062013;**
   - **Година на производство: 2026 година;**
   - **Работна зафатнина на моторот: Електричен погон (батерии);**
   - **Сила на моторот :8,9kw и**
   - **Боја на каросеријата: Зелена**

Движните ствари од став 1 на овој член, општината ги прифаќа на трајно користење, без надомест, согласно Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на општина Неготино на Владата на Република Северна Македонија, број 57-6972/22 од 01.09.2026 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 208/26).

**Член 2**

Градоначалникот на општина Неготино и Министерот за транспорт и врски ќе склучат договор со кој поблиску ќе ги уредат правата и обврските за движните ствари од член 1 на оваа Одлука.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во **„Службен гласник на општина Неготино“.**

**бр.08-2156/ 4**
**23.09.2026 година**

**Совет на Општина Неготино**
**Претседател,**
**Лилјана Арсова Митрова с.р.**

## С О Д Р Ж И Н А

## СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА НЕГОТИНО 15 / 26

1. **Заклучок за објавување на Одлука за прифаќање на движни ствари на трајно користење специјализирани возила – метларки за улица**
2. **Одлука за прифаќање на движни ствари на трајно користење специјализирани возила – метларки за улица**